ОСНОВЕН СУД ШТИП
Примено непосредно-по пошта (обично-препорачано)
26 год. во 2 примероци со 5 прилози.
Предадено по пошта препорачано со повратница
07. 12. 2021 бр. 40 дат. 20 год.
Писменото е со такса со ден.
-недостасува такса ден.
Потпис

Врска : ППОВ.бр.5/21

ПРЕКУ: ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП

ДО : АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО ШТИП

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5

ТУЖЕН : 1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Ген. Михајло Апостолски бр.7-3 штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Никола Љуботенски, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk,
2. Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584, застапувано од Управителот Ристе Љуботенски, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk

ОСНОВ: Надомест на штета

ВРЕДНОСТ: 1.915.458,00 евра

ОДГОВОР НА ЖАЛБА

Од ТУЖЕНИОТ: Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип

Во Одговор на поднесената жалба, туженият преку неговиот законски застапник истакнува дека во целост ги оспорува наводите во жалбата, како лажни, злонамерни, тенденциозни и неосновани, а за изнесените клевети во жалбата од страна на полномошникот на тужителот, адвокат Јаниќевиќ, врска наводни комшиски врски на сопственикот на туженият и судијата го истакнувам следното:

Сопственикот на туженият, Ристе Љуботенски, ниту го познава, ниту знае каде живее судијата, а уште помалку има било какви наводни комшиски врски со судијата, а кон ваквите изнесени клевети истиот достави и своја изјава која ќе биде употребена во понатамошни постапки против Јаниќевиќ.

Прилог: Изјава од Ристе Љуботенски од Штип заверена кај Нотар Ленче Каранфиловска УЗП бр. 13289/2021 од 06.12.2021 година

Читајќи ја жалбата на полномошникот на тужителот и другите писмена во текот на целокупната постапка поднесени од тужителот, на крај, самите го демаскираа начинот на кој постапуваат пред судовите, интересирајќи се за адреси на судии, нечесно изнесувајќи груби лаги кои со ништо не ги поткрепуваат, како и невистини напишани со големи

здебелени букви, небаре викајќи му на судот, очајно барајќи начин да го одвлечат и манипулираат судот бидејќи вистината е дека да имаа вистински докази за банкарски налози со банкарски изводи со кој би го докажале наводното вложување од скоро 2 милиона евра, ќе ги доставеа тие докази уште многу одамна и оваа голгота ќе завршеше многу одамна. Но, такви докази нема, па токму од овие причини тужителот се обидува на друг недозволен начин да влијае на судската постапка за да наплати енормен износ од скоро 2 милиони евра.

Заплашувањето на судот од страна на тужителот со наводно известување до Амбасада на Русија е неуспешен обид на тужителот да се скрие под наративот на наводен странски инвеститор, а вистината е дека токму правосудните органи во Руската Федерација се запознаени со ликот и делото на наводиот „угледен странски инвеститор" Владислав Втулкин за кого е издадена федерална и меѓународна потерница поради измама од големи размери на пари од државната СБЕРБАНКА на Русија преку шеми на измами, поткуп и други кривични дела.

Прилог: Известување за медиуми од Централната дирекција од Сбербанк Русија
(со заверен превод на македонски од овластен судски преведувач)

Дополнително, истакнатото во жалбата дека тужителот ќе побарал медиумско јавно обелоденување на случајот – силно го поздравуваме и инсистираме на истото, бидејќи само така ќе се разобличи измамничкиот и нечесен начин на кој дејствувал тужителот за да стигне до извршни незаконски пресуди. Уште повеќе што обидот на тужителот и полномошникот на тужителот незаконски да се стекнат со против-правна имотна корист од скоро 2 милиона евра преку злоупотреба на судовите и со незаконски пресуди да го оштетат туженият, со целокупната судска документација во постапката го објавивме на вебсајтот http://www.obidzakrazbana2milionaevra.mk/dokumentacija-po-predmet/. Интерес за случајот освен од медиумите веќе има и од други меѓународни институции кои покажаа особен интерес за злоупотреби во извршување на службената положба доверена од граѓаните во обид за овозможување на кражба на неоданочени пари преку незаконски судски одлуки од страна на странски криминални групи преку коруптивни судски афери од висок профил и обем слични на шемите од 2010-2014 познати како The Russian Laundromat.

Искрено се надеваме дека после долгогодишната голгота низ која поминавме, конечно ќе дочекаме правда и судска пресуда заснована врз веродостојни докази, па очекуваме дека второстепениот суд ќе дозволи за решавање на овој предмет да биде отворена повторна постапка во која еден чесен и непристрасен суд ќе има можност врз основа на сите доставени релевантни докази и факти, да донесе правична и законита одлука.

Во Штип,

06.12.2021 год.

За туженият,

Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип

Управител Никола Љуботенски

ИЗЈАВА

Јас, долупотпишаниот, Ристе Љуботенски од Штип, со ЕМБГ 3003955490002 и л.к. бр. А1148602 со адреса на живеење ул. Ванчо Прќе бр. Д/2 А9 во Штип, под морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека судијата на Основен суд Штип, Анита Јорданова, не ја познавам, никогаш не сум имал контакт со неа, ниту знам каде живее.

Изјавата ја давам како одговор на изнесите клевети и лаги од страна на полномошникот на тужителот во жалба по предмет ППОВ бр. 5/21 при Основен суд Штип.

Во Штип, 06.12.2021

Изјавил,

Р. Љуботенски

Ристе Љуботенски

Јас, НОТАР Ленче Каранфиловска

за подрачје на Основен суд Штип

Потврдувам дека
Ристе Љуботенски, улица Ванчо Прќе број Д/2-А9, Штип, во мое присуство своерачно го потпиша писменото,
Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: А1148602 Издадена од МВР Штип

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 150 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 300 денари.

Број УЗП 13289/2021

Во Штип 06.12.2021

НОТАР

Ленче Каранфиловска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во Штип
НОТАР
ЛЕНЧЕ
КАРАНФИЛОВСКА

СБЕРБАНК РОССИИ

Пресс-релизы Центрального аппарата

Правоохранительные органы оказывают содействие Сбербанку России в борьбе с мошенническими схемами

Сбербанк России сообщает, что подозреваемый в организации получения ряда кредитов по фиктивным документам в Люблинском отделении Сбербанка России г. Москвы В.М. Втулкин задержан Криминальной полицией Германии. В отношении Втулкина В.М. ранее было возбуждено и в настоящее время расследуется уголовное дело по ч.4, ст.159 УК РФ (мошенничество, совершенное группой лиц либо в особо крупном размере). В связи с тем, что Втулкин В.М. от следствия скрылся, он был объявлен в федеральный и международный розыск.

В настоящее время компетентными органами ФРГ и Российской Федерации рассматривается вопрос о его экстрадиции для проведения дальнейших следственных действий.

###

ОАО Сбербанк России
Ирина Кибина
Управление общественных связей
тел. +7(495) 957 5721
media@sbrf.ru

Россия, Москва, 117997, ул. Вавилова, д. 19, тел. +7 (495) 500 5550, 8 800 555 5550.
Генеральная лицензия на осуществление банковских операций от 30 августа 2010 года.
Регистрационный номер — 1481.

(Логотип Сбербанк Русија)

Известување за медиуми од Централната Дирекција

Правобранителните органи ќе помогнат на Сбербанк во борбата против измамничките шеми

Сбербанк Русија објавува дека осомичениот во организацијата на подигнување на голем број кредити со фиктивни документи во филијалата Љублин на Сбербанк Русија во Москва, В. М. Втулкин е приведен од страна на Криминалната полиција во Германија. За лицето В.М. Втулкин претходно е поднесена пријава за кривично дело според член 4, ст. 159 од Кривичниот закон на Руската Федерација (измама, криминално здружување на повеќе лица за измама во големи размери). Ова приведување се должи на фактот што В.М. Втулкин во текот на истрагата исчезна и по него беше објавена федерална и меѓународна потерница.

Во моментот, надлежните органи на Германија и Руската Федерација го разгледуваат предметот за негова екстрадиција за спроведување на понатамошната истрага.

###

Отворено акционерско друштво Сбербанк Русија

Ирина Кибина
Односи со јавност
тел. +7 (495) 957 5721
media@sbrf.ru

Русија, Москва, 117997, ул. Вавилова д.19, тел. +7(495) 500 5550, 8 800 555 5550
Општа лиценца за банкарско работење од 30 август 2010 година.
Регистарски број - 1481.

Потверждаю что правильно и точно сделал перевод от русского на македонскии язик.

Потврдувам дека правилно и точно го направив преводот од руски на македонски јазик.

Постоянниий юуридическии переводчик
Постојан судски преведувач

Проф. Венко Прилепчански

Номер/Број 184150513
Штип/Штип, 15.05.2013